РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-3448/6
04-08-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 72 - та седница одржана на ден 29.07.2022 година донесе

О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 09-6816/1 од 15.12.2021 година, е оформен врз основа на пријава, против службеното лице _____, член на совет на општина _____, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека службеното лице _____ прекршило одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и одредби од Законот за адвокатура.

По доставено Известување со прилог записник и прекршочен платен налог во врска со констатираните повреди на двата закони и нејзино не постапување, како и не извршена уплата на прекршочната глоба, ДКСК достави Барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај.

Одлуката на ДКСК во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-6816/1 од 15.12.2021 година е оформен врз основа на пријава од координаторот на советничката група _____ со наводи дека лицето _____ како избрано лице член на совет на општина _____, истовремено и е вршител на самостојна дејност – адвокат, сметајќи дека тоа претставува состојба на судир на интереси што е спротивно на член 44 став 1 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, а во врска со член 20 и член 24 став 1 од Законот за адвокатура.

ДКСК, согласно своите надлежности утврдени во член 23 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, а со цел проверка и потврдување на наводите од пријавата, Државната комисија направи увид на веб страницата на Општина _____ и веб страницата на Адвокатската комора на РСМ www.mba.org.mk - Именик на активни адвокати како и на Ценатрал регистер на РСМ и констатираше дека наведеното лице има статус на избрано лице – член на Советот на општина _____ и во исто време активно ја извршува адвокатската дејност, што е спротивно на член 44 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, а во врска со член 20 и член 24 став 1 од Законот за адвокатура, што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

ДКСК констатираше дека е сторен прекршок и за истото согласно Законот за прекршоци состави Записник за констатиран прекршок и издаде Прекршочен платен налог, кои на лицето му ги достави во прилог.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Дополнително, на лицето _____ му се укажа дека е потребно во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето да ја отстрани констатираната состојба, постапувајќи на еден од следните начини:

1. Да се откаже од извршување на функцијата член на Советот на Општина _____ или
2. Да ја стави во мирување адвокатската дејност до престанок на извршување на јавната функција, а за начинот на постапувањето потребно е да ја извести ДКСК со приложување на соодветен доказ.

Лицето _____ во законски предвидениот рок не постапи по горенаведеното известување од ДКСК, односно поднесе Приговор со број 09-3448/4 од 27.04.2022 година, со кој образложува дека нема да постапи по известување на ДКСК, бидејќи одребдата од членот 44 став 1 од ЗСКСИ е општо е прокламира забрана за вршење на други дејности, а според Законот за адвокатура член 10 став 1 и 2:

„(1)Правото на вршење адвокатска дејност согласно со овој закон се стекнува со упис во Именикот на адвокатите на Адвокатската комора на РСМ",

(2)По уписот во Именикот на адвокати на Адвокатската комора на РСМ на упишаниот адвокат му се издава лиценца за работата."

Истата, во својот одговор се повикува на член 2 став 22 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, каде е наведено кои се носители на „јавни функции":

"Носители на јавни функции" се физички лица на кои им е или им била доверена јавна функција во Република Македонија или во друга држава, како:

а)претседатели на држави и влади, министри и заменици или помошници министри;

б)избрани претставници во законодавната власт;

в)судии на врховни или уставни судови или други носители на високи правосудни функции против чија одлука, освен во исклучителни случаи, неможе да се користат правни лекови;

г)членови на органи на управување на супервизорски и регулаторни тела и агенции, државна ревизорска институција и членови на одбор на централна банка;

д)амбасадори;

ѓ)офицер и од висок ранг во вооружените сили (чинови повисоки од полковник);

е)избрани и именувани лица согласно со закон и членовите на органите на управување и надзор на правни лица основани од државата;

ж)лица со функции во политички партии (членови на извршните органи на политичките партии);

з)лица на кои им е или им била доверена истакната функција во меѓународна организација, како директори, заменици директори, членови на управни и надзорни одбори или други еквивалентни функции и

ѕ)градоначалници и претседатели на совети на општини.„

Имено, согласно цитираниот член од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, службеното лице _____ смета дека само градоначалниците и претседателите на совети на општини извршуваат јавни функции, а не и членовите на советите на општините (алинеја ѕ) од истиот закон).

Дополнително, во поглед на наводите, истакнува дека функцијата член на Совет на општина се извршува непрофесионално, односно како член на совет/ претседател на совет не заснова работен однос со единицата на локалната самоуправа, туку единствено прима месечен паушал. Исто така, лицето кое го поднесува приговорот и против кое се води постапката, смета дека ДКСК имала обврска да ги земе во

предвид и ставовите на Адвокатската комора на РСМ, како и наводите дека во моментов е донесување на Закон за Адвокатурата, каде попрецизно се предвидува дека лице кое врши адвокатска дејност, може да врши и друго овластување во услови кога не заснова работен однос.

Врз основа на горенаведеното, лицето _____ смета дека Записникот, постапката и самото известување се процесирани без почитување и грубо прекршување на постоечките законски прописи цитирани погоре во овој приговор, па поради тоа бара да биде укината прекршочната постапка поведена против неа.

Од друга страна, како што и погоре е наведено, ДКСК смета дека сите избрани или именувани лица се носители на јавни функции, по што истото е потврдено и во цитираниот член од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам во **алинеја е)**, факт кој службеното лице _____ го занемарила или пропуштила повикувајќи се на овој закон со образложение дека нема да постапи по барањето на ДКСК.

Имајќи го во предвид веќе донесениот заклучок од страна на ДКСК, како и непостапувањето на службеното лице _____ по доставеното Известување со број 09-3448/1 од 08.04.2022 година и по спроведената постапка за порамнување согласно член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 47 став 1 од Законот прекршоците ДКСК поднесе Барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на ден 29.07.2022 година одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
Нури Бајрами

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: Б.Ц,советник
Контролирал: К.З раководител
Одобрил: м-р Ш.С. член на ДКСК